Врз основа на член 37 став (1) точка 1) алинеја 1) од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18, „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19 и 236/22), член 109 став (4) од Законот за општата управна постапка* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 124/15) и член 16 од Правилата за постапување по приговори и разрешување на спорови („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 255/23), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 29 април 2024 година донесе

# Р Е Ш Е Н И Е
## за одбивање на приговор

1. Приговорот на Елена Миланова од Скопје УП2 09-44/24 од 7 февруари 2024 година против Решение за одбивање на барање на согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје бр. 11-1091 од 18 декември 2023 година СЕ ОДБИВА.

2. Решението за одбивање на барање на согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје бр. 11-1091 од 18 декември 2023 година СЕ ПОТВРДУВА.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува на веб-страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија.

### О б р а з л о ж е н и е

Елена Миланова од Скопје до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика) поднесе Приговор УП2 09-44/24 од 7 февруари 2024 година против Решение за одбивање на барање на согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје (во понатамошниот текст: Електродистрибуција) бр. 11-1091 од 18 декември 2023 година на КЕЦ Аеродром, издадено поради незапазени минимални безбедносни растојанија до 10kV далекувод на Електродистрибуција, за приклучок на пумпа за наводнување на земјиште.

Жалителот потенцира дека низ парцелата поминува 10(20)kV далекувод, за кој како сопственик на парцелата нема да поднесе ниту барање за дислокација, ниту да ги сноси трошоците за дислокација на далекуводот, бидејќи тоа е обврска на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје.

Според Електродистрибуција - има далекувод кој се наоѓа во неговата парцела. Претходниот сопственик на парцелата од кого го има купено имотот има поднесено барање за дислокација за кое е изготвено техничко решение за дислокација и истото не е испочитувано од претходниот сопственик. За да се процесира барањето потребно е прво да се поднесе барање за дислокација и истото да се плати и да се реализира од страна на Електродистрибуција. Во тој случај ќе се создадат услови за приклучок.

На седница на Комисијата за постапување по Приговори од 18 март 2024 година се разгледуваше следната документација:

1. Приговор УП2 09-44/24 од 7 февруари 2024 година со прилог:

-Имотен лист

-Решение за запишување на земјоделско стопанство
-Приговараното Решение
2. Одговор на приговор и дополнителни докази од ЕВН од 16 февруари 2024 година со прилог:
-Барање за согласност за приклучок
-GIS скица
-Слики од парцелата и далекуводот

Регулаторната комисија за енергетика при разгледувањето на Приговорот утврди дека истиот е неоснован.

Имено, не се запазени минималните безбедносни растојанија до далекувод на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје.

Согласно член 203 став (1) од Законот за енергетика („Службен весник на РМ“ бр. 96/18 и „Службен весник на РСМ“ бр. 96/19 и 236/22), не се дозволува изградба и изведување на други работи, засадување на растенија и дрвја на земјиште под, над и покрај енергетските објекти, уреди и постројки, со кои се нарушува процесот на производството, пренесување и дистрибуција на енергија или се загрозува безбедноста на луѓето и имотот.

Согласно член 35 став (1) точка 4) од Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија (Службен весник на РСМ бр. 191/19, 101/22 и 68/24) операторот на дистрибутивниот систем ќе донесе Решение за одбивање на барањето за согласност за приклучување на дистрибутивната мрежа во случај кога се нарушени безбедносните растојанија од објектот на корисникот до електроенергетски објекти, пропишани со закон и соодветни подзаконски акти.

Имајќи го предвид горенаведеното како и фактот дека се утврди дека Електродистрибуција постапила правилно издавајќи го сега приговараното Решение, при што се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поведе управен спор во рок од 30 дена од денот на приемот на истото.

**УП2 бр.09–44/24**
**29 април 2024 година**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на на Република Северна Македонија**
**Марко Бислимоски**